**ГРАД СКОПЈЕ**
**СЕКРЕТАР**

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

**Наш број:** 09-9726
07. 08. 2025
**Скопје**

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
**за невршење на избор**

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работното место **Советник за издавање Б - интегрирани еколошки дозволи**, Одделение за стратешко управување со животната средина и планирање и подигнување на јавната свест за животната средина, Сектор за заштита на животната средина со шифра УПР0101В01000, по јавен оглас 684/2025.
2. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 03.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 684/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје на горенаведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1643/3 од 11.07.2025 година, ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција, Комисијата изготви записник во кој е наведено дека за работното место Советник за издавање Б - интегрирани еколошки дозволи, Одделение за стратешко управување со животната средина и планирање и подигнување на јавната свест за животната средина, Сектор за заштита на животната средина со шифра УПР0101В01000, нема кандидатат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**